Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-759/2
Датум: 03-11-2023

По претставката бр. 08 - 759/1 од 27.10.2023 година, поднесена од [redacted] ч од Скопје со живеалиште на [redacted] против КПУ Идризово, заповедник на КПУ Идризово – [redacted] и директор – Александар Донев, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 03.11.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 759/1 од 27.10.2023 година, поднесена од [redacted] против КПУ Идризово, [redacted] на КПУ Идризово – [redacted] и директор – Александар Донев **поради ненавременост.**

## Образложение

На 27.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] поранешен вработен во КПУ Идризово. Подносителот ја повел постапката за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, против поранешниот работодавач КПУ Идризово, [redacted] на КПУ Идризово – [redacted] и директорот – Александар Донев. Наводите за дискриминација содржани од претставката се однесуваат на неоснован престанок на работниот однос на подносителот, со решение издадено од работодавачот на 16.04.2007 година.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: ***„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата."***

Од причина што за поднесување на претставката **не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје,
03.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk